**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Стотата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 јуни 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Пред да започнеме со оваа седница, би сакал да ги поздравам присутните делегати кои се сега на галерија во врска со Конференцијата која нашиот Парламент ја организира за Парламентарна димензија за основање на енергетската заедница во Југоисточна Европа.

Да ги поздравиме со аплауз.

(пратениците ги поздравуваат гостите со аплауз)

Дами и господа пратеници, ја отворам 100-та седница на Собранието на Република Македонија .

Уште еден аплауз, бидејќи ова е јубилејна 100 -та седница.

(Пратениците поздравуваат со аплауз).

За да ја запаметиме оваа 100-та седница, би сакал да биде и најкратка, бидејќи станува збор за нешто што има општ консензус меѓу сите политички партии.

Но, притоа, како што е Деловникот, пратениците Томе Тромбев, Славе Арсовски, Ванчо Георгиев, Кенан Хасипи, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Андреј Жерновски, Гзим Острени, Љубчо Георгиевски, Орданчо Тасев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска - Цветанова, Теута Арифи и Али Ахмети ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме точниот број на присутните пратеници во салата.

Ве молам да притиснете.

Притиснати се 64 копчиња, тоа е доволен број за да констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот на одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

Предлагам Предлогот на дневен ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеника, 76 гласале за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 83 пратеника, 79 гласале за, 2 воздржани, 2 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 84 пратеника, 77 гласале за, 7 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 100-та седница на Собранието на Република Македонија и ви ја честитам 100-та јубилејрна седница.

Благодарам.

(Крајот на седницата е пропратен со аплауз)

Седницата заврши во 14,07 часот.

СП/ЛБ 100 - 00